Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина Скопје

[redacted]

ИП1 бр.29-262
29.04.2025г.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22), по извршениот вонреден инспекциски надзор на 24.04.2025 год. во деловното седиште на ЈСП-Скопје на ул. Александар Македонски бр.10, Скопје - Гази Баба, застапувано од в.д. директор Драги Кушовски, во врска со Елаборатот за заштита на животната средина и емисии на гасови во животната средина од котларите за парно греење во двете автобази, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.29-262 од 24.04.2025г. донесе:

## **РЕШЕНИЕ**

1) **Се задолжува Јавното Сообраќајно Претпријатие ЈСП-Скопје**, со деловно седиште на ул. Александар Македонски бр. 10 во Скопје - Гази Баба, застапувано од в.д. директорот Драги Кушовски :

- Да изврши мерење на емисија на гасови ( $SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број ) од оџакот на котларата за парно греење на мазут, во автобазата за градски автобуски превоз во Ѓорче Петров-Скопје и од оџакот на котеларата за парно греење на мазут или природен гас во автобазата за градски автобуски превоз во Гази Баба-Скопје, во 2025 год.

Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет)** дена од приемот на решението.

- Да изработат елаборат за влијанијата врз животната средина за котларата за парно греење на мазут, во автобазата за градски автобуски превоз во Ѓорче Петров-Скопје и за котларата за парно греење на мазут или природен гас во автобазата во Гази Баба-Скопје и истиот да го достават на одобрување до надлежниот орган МЖСПП-Управа за животна средина.

Рок за отстранување на недостатоците е **90 (девеесет)** дена од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина-Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, а во врска со Елаборат за заштита на животната средина и емисии на гасови во животната средина, ден 24.04.2025 год., изврши вонреден инспекциски надзор во деловното седиште на Јавното Сообраќајно Претпријатие ЈСП-Скопје, на ул. Александар Македонски бр.10, Скопје-Гази Баба, при што констатира дека Јавно Сообраќајно Претпријатие - Скопје поседува две автобази за градски автобуси и тоа една во општина Гази Баба-Скопје на ул. Александар Македонски бр.10 и во општина Ѓорче Петров-Скопје. Котларата во автобазата во Ѓорче Петров како гориво користи само мазут, а котларата во автобазата во општина Гази Баба - Скопје може да користи и природен гас или мазут. Решение за одобрување на елаборати за животна средина за парните котли во двете автобази не се презентирани на увид, што е спротивно на чл.24 од Законот за животна средина.

Мерење на емисија на гасови од оџаците на парните котли во автобазата во Ѓорче Петров и автобазата во Гази Баба не се направени во 2025 год, што е спротивно на пропишаниот автомониторинг во горенаведениот Закон.

Јане Бошевски-советник за животна средина во ЈСП-Скопје, изјави дека котларата во автобазата во Гази Баба-Скопје не работи од Декември 2024 год., поради дефект на подземна пукната цевка за топла вода.

Бидејќи досега во оваа година не се извршени вакви мерења и нема изработено елаборат за животна сртедина за котларите во двете автобази, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-262 од 29.04.2025г.

**Доставено до :**
- Архива
- ЈСП-Скопје
  Бул.Александар Македонски бр.10
  Гази Баба-Скопје

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
... НАЧЕВ